ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 26 – 199/7**

**Дата: 21.08.2013**

**ДО**
**ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст- Фонд) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2010 година и изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

Извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките од Конечниот извештај на финансиските извештаи за 2010 година, при што е констатирано дека од 5 препораки спроведени се четири, а една е во тек, која се однесува на обезбедување на доказ за сопственост на дел од имотот на Фондот.

За финансиските извештаи за 2012 година изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење без резерва во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

| *Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| ______________________ | |
| ______________________ | |
| ______________________ | |
| ______________________ | |

Фондот во 2012 година функционира со Статут и интерни акти за внатрешна организација и систематизација кои не се усогласени со новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Со новиот закон престана правниот основ за наплата на заостанатите неплатени придонеси заклучно со 31.12.2008 година, заради фактот што придонесот за пензиско и инвалидско осигурување нема карактер на лична потрошувачка и има рок на застареност, со што се доведува во прашање дел од неплатениот придонес од минатите години да биде отпишан, а Фондот би изгубил значаен износ на средства потребни за функционирање на дејноста.

Преминувањето на евиденцијата и наплатата на придонесот во надлежност на Управата за јавни приходи согласно законската регулатива наметна потреба да се склучи договор помеѓу Фондот и Управата за јавни приходи. Но, според договорот Фондот добива информации од Управата за јавни приходи само за наплатениот износ на придонесот, но не и за пресметаната обврска на обврзниците, со што Фондот нема целосни информации за износот на побарувањата по основ на придонесот, потребно за креирање на активностите во наредниот период и за динамиката на наплатата на придонесот од страна на обврзниците.

Проблемот на наплата на ненаплатените побарувања по основ на неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 2008 година и на побарувањата по основ на штети продолжи и во 2012 година. Причините се заради фактот што дел од обврзниците се во ликвидација или стечај, дел претставуваат неактивни обврзници, дел се активни обврзници кои не плаќаат придонес. За надминување на оваа состојба склучен е договор за соработка со Централниот регистар заради обезбедување на податоци за статусот на обврзниците.

На финансиското работење на Фондот во 2012 година влијание имаа неостварените макроекономски индикатори за зголемување на вработеноста и порастот на платите на вработените кои имаат директно влијание на остварувањето на приходите од придонесите и претходно намалената стапка.
Според структурата на приходите во 2012 година, најголемо учеството во вкупните приходи има придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од 59%, и од Буџетот на РМ со учество од 38%, а незначително учество имаат приходите од акцизи од 2% и останатите приходи со 1%.

Воспоставената законска обврска преку пресметување и плаќање на придонесот не обезбедува доволно средства за вршење на дејноста на Фондот, при што за покривање на дефицитот се користат позајмените средства од Буџетот на РМ. Зголемувањето на бројот на корисниците на пензија и усогласувањето на

пензиите во 2012 година влијаеше на недостаток на средства за исплата на пензии поради што секоја година се зголемува зависноста на Фондот од позајмување на буџетски средства од Буџетот на Република Македонија. За покривање на буџетскиот дефицит во 2012 година исплатени се средства од Буџетот на РМ во износ од 10.219.220 илјади денари што претставува учество од 22%. Споредбено со 2011 година буџетскиот дефицит во 2012 година е зголемен за 1.864.050 илјади денари или за 3%. Особено е за истакнување констатацијата дека висината на дефицитот има тренд на зголемување на неговото учество во вкупните приходи секоја година, движејќи се од 6% во 2008 година, до 22% во 2012 година.

Од страна на одговорното лице на Фондот добиени се забелешки на констатациите наведени во Конечен извештајот кои дел од истите претставуваат информација за преземените мерки, дел не се прифатени заради тоа што со истите не се добиени дополнителни докази, а дел се прифатени.

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 27 до 29 заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (во натамошниот текст – Фонд) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Фондот за 2010 година и изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Фондот застапувана од:

- Беким Незири, директор на Фондот во 2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Фондот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално

погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Целта и делокругот на ревизијата на исплатата на пензиите ќе биде предмет во една од наредните ревизии.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.03.2013 до 31.05.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките од Конечниот извештај на финансиските извештаи за 2010 година, при што е констатирано дека од 5 препораки спроведени се четири, а една е во тек која се однесува на обезбедување на доказ за сопственост на дел од имотот на Фондот.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Фондот на ден 30.05.2013 година.
Од страна на одговорните лица на Фондот добиени се забелешки на констатациите наведени во точките 4.1.1, 4.1.2, 4.1.3, 4.2.1, 4.2.4, 4.2.6, 4.3. и 7.5. од

Нацрт извештајот кои дел од истите претставуваат информација за преземените мерки, дел не се прифатени заради тоа што со истите не се добиени дополнителни докази, а дел се прифатени.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Одговорното лице на Фондот не извршило усогласување на Статутот, актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места со одредбите на новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, што не е во согласност со член 246 од истиот закон со кој е предвидено усогласувањето да се изврши во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на законот.

Управниот одбор има донесено Конечен – статут и истиот на 27.12.2012 година е доставен до Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за законодавство при Владата на РМ и до Министерството за финансии, без претходно прибавено мислење од Министерството за труд и социјална политика како што е предвидено со член 157 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Од тие причини Конечен - статут не е разгледуван од Секретаријатот за законодавство при Владата на РМ и од Министерството за финансии и вратен е на Фондот на усогласување со Законот за пензиско и инвалидско осигурување.
Во текот на 2013 година Фондот има доставено две ургенции до Министерството за труд и социјална политика со барање да се добие мислење по Конечен Сатутот.

Со задоцнување, во текот на вршење на ревизијата изготвен е Предлог - Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во Стручната служба на Фондот и истиот е доставен до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство при Владата на РМ.

**Препорака:**

Врз основа на прибавено мислење од Министерството за труд и социјална политика Управниот одбор на Фондот да изврши усогласување на статутот со новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување и да го достави за согласност до Владата на РМ.

4.1.2. Фондот има ангажирано лица по договор за извршување на самостојна работа повикувајќи се на член 252 од Законот за работни односи и во 2012 година има исплатено 11.142 илјади денари. Бројот на ангажирани лица во текот на годината се движи од 54 до 68 лица. Ревизијата утврди дека:

- Ангажираните лица по договор извршуваат задачи утврдени со актот за систематизацијата на работни места во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и се ангажирани на подолг временски период, односно дел од договорите се продолжуваат од 2009 година и во текот на 2012 година.
- Склучени се договори за работни места кои се веќе пополнети со лица вработени согласно систематизацијата на работни места.
- Покрај исплатите на износите утврдени со договорот за извршување на самостојна работа, на одредени лица ангажирани по договор, вршени се исплати на средства за дополнителни часови, без соодветна документација како доказ за извршената работа.

Склучените договори се однесуваат за извршување на работни задачи предвидени со актот за систематизација на работните места, што не е во согласност со член 252 од Законот за работни односи со кој се предвидува извршување на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот. Ангажирањето на лица на овој начин не е во согласност со член 13 од Законот за работни односи во кој е утврден начинот на засновање на работен однос.

Во вакви услови Фондот има доставено барање до Министерството за финансии за вработување и пополнување на испразнетите места, но не е добиена согласност.

Исплатата на прекувремени часови работа на одредени лица се врши без почитување на Упатството за работно време во Фондот и Наредбата за работа која трае подолго од работно време.

Ангажирањето на лица на овој начин остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција. Со ангажирање на лица по договор на веќе пополнети работни места, се доведува во прашање потребата од нивно ангажирање согласно реалните потреби. Исто така, со исплаќање на часови за прекувремена работа без поткрепувачка документација, постои можност од неоснована исплата на средствата.

Непочитувањето на законските прописи предизвикува ангажирање на лица по договор за дело, што не е во согласност со законските прописи и неможност за остварување на правата од работен однос, односно право на пензиско и

инвалидско осигурување и здравствено осигурување предвидено со член 13 став 2 од Законот за работни односи.

4.1.3. Средствата за солидарен фонд - посмртна помош за 2012 година не се уплатени во целост на посебна потсметка што не е во согласност со член 115 точка 2 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Задржувањето на средства од корисникот на пензија се врши месечно, при исплата на пензијата, а уплатата на издвоените средства на посебна потсметка за солидарен фонд не се врши истовремено и во цел износ за соодветниот месец. Имено, за 2012 година издвоени се средства во износ од 382.814 илјади денари, а уплатени во износ од 365.534 илјади денари на кој начин износот од 17.280 илјади денари е задржан на главната сметка на Фондот.

**Препорака:**

Стручната служба на Фондот при исплатата на пензии да врши целосна и редовна исплата на средствата на посебната сметка за солидарен фонд, согласно законската регулатива.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Фондот нема воспоставено посебна евиденција за задолжување со пресметана камата за ненавремено плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, која во текот на 2012 година при уплата од обврзниците се евидентира само како приход. Имено, со пописот на побарувањата од неплатени придонеси на пензиско и инвалидско осигурување, заклучно со 31.12.2008 година евидентираниот главен долг и пресметаната камата се евидентирани во вкупен износ, без разграничување на износот на главниот долг и износот на пресметана камата.

Наведеното е неопходно заради фактот што во 2013 година е донесен Закон за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување, со кој се предвидува отпис на каматите доколку обврзниците го платат основниот долг на побарувањата на неплатени придонеси на пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година и за период од 01.09.2009 до 31.12.2012 година.

Фондот во текот на вршење на ревизијата има донесено Процедура за отпис на камата од 19.03.2013 година со која е опфатена целокупната постапка за отпис

на камата за што се предвидува донесување на Решение со кое треба да се утврди висината на главниот долг и на каматата.

**Препорака:**

Стручната служба на Фондот да продолжи со активностите во делот на разграничување на побарувањата по основ на главен долг и камата за неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување согласно Законот за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување и да воспостави сметководствена евиденција на побарувањата согласно утврдените износи.

4.2.2. Побарувањата од граѓани по основ надомест на штети со пописот за 2012 година се искажани во вкупен износ од 154.406 илјада денари кои се однесуваат на сторена штета по основ на укинати пензии како и вработување на активни корисници на пензија и исплата на семејни пензии на корисници на кои им престанало правото согласно законските прописи. Во 2012 година Одделението за правно работење на Фондот има преземено активности за продолжување на постапките по тужбите во врска со неплатените побарувања како и оформени се нови предмети во текот на 2012 година. И покрај преземените мерки за наплата на побарувања по основ надомест на штети, наплатени се 30.412 илјади денари или само 16% од вкупно утврдените побарувања.

**Препораки:**

- Одделението за правно работење на Фондот да изврши целосна анализа на штетите по однос на застареност на побарувањата, да ги утврди причините за ненавремено преземените мерки и за состојбата да го информира Управниот одбор, заради преземање на соодветни чекори за надминување на констатираната состојба.
- Врз основа на направената анализа Одделението за финансиски прашања да воспостави соодветна евиденција на побарувањата со утврден рок за наплата на истите. За побарувањата за кои не се преземени мерки за наплата да се достави предлог до Управниот одбор за отпис на истите од страна на Одделението за правно работење.

4.2.3. Со ревизија на позицијата Материјални средства во делот на градежните објекти ревизијата констатира дека:

- За новата административна зграда во која што е сместена стручната служба на Фондот со сегашна вредност од 461.491 илјади денари во 2011 година до Општина Аеродром е доставен нов геодетски елаборат за добивање на нов протокол за регулациона, градежна и нивелациона линија со цел решавање на имотно правниот статус на објектот. Општината до денот на ревизијата нема издадено нов протокол, со образложение дека за овој објект протоколот е веќе издаден од Општина Кисела Вода во 2002 година.
Фондот заради утврдување на имотната состојба на објектот во септември 2011 година поднел барање до Министерството за транспорт и врски за утврдување на правниот статус. До денот на ревизијата не е добиен одговор од ресорното министерство.

- Фондот заклучно со 31.12.2012 год има евидентирано 37 објекти со сегашна вредност од 185.255 илјади денари од кои само за еден не е обезбеден имотен лист како доказ за сопственост со сегашна вредност од 359 илјади денари. Од објектите со обезбедени имотни листови за 17 објекти со сегашна вредност од 91.351 илјади денари се уште не е решен имотно правниот статус (не е извршена физичка делба / етажен премер и упис во катастарот за недвижности). Од нив, за 8 објекти во кои се сместени стручните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, изработени се геодетски елаборати за физичка делба и упис во Агенцијата за катастар за недвижности. Во Декември 2012 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија изготвил информација до Владата на РМ, врз основа на која Владата на РМ со посебни одлуки треба да го пренесе правото на користење на објектите на двата фонда. Но постапката е запрена, поради тоа што податоците од информацијата не се прифатени и истата не е потпишана од одговорното лице на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој внесувањето на податоците во деловните книги се заснова на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, како и член 111 од Законот за катастар на недвижности според кој запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижности во катастарот е задолжително.

Евидентираните објекти за кои не постои веродостоен документ, нерасчистените имотно правни односи како и не извршеното излагање на објектите и упис во катастар за недвижности, предизвикува нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојбата.

**Препорака**

Одговорното лице на Фондот и вработените во одделението за стопанисување со имотот на Фондот да продолжат со преземање на мерки за расчистување на имотно правните односи, со цел да се изврши физичка делба, излагање на објектите и упис во катастар за недвижности и да се обезбедат веродостојни документи за евидентирање на објектите.

4.2.4. Проценетата вредност на земјиштето во износ од 99.076 илјади денари со кое располагаат 15 филијали/подрачни единици од вкупно 30 (триесет), како и лекарската комисија и едно одмаралиште се евидентирани во вонбилансната евиденција поради нерешен имотно правен статус на земјиштето. За останатите 15 филијали/подрачни единици и три одморалишта не е извршена проценка на земјиштето и не се сметководствено евидентирани. Не извршеното вреднување на земјиштето предизвикува нереално и необјективно прикажување на позицијата природни богатства во Билансот на состојбата. Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Вработените во одделението за стопанисување со имотот на Фондот да преземат мерки за расчистување на имотно правните односи и да се обезбедат веродостојни документи за евидентирање на земјиштето.

4.2.5. Со увид на актите и пописните листи од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2012 година, ревизијата го констатира следното:

- Со Одлуката за именување на комисии за попис на имотот на Фондот како претседател на комисијата за попис на основните средства и ситниот инвентар во Стручната служба на Фондот – Централа и подрачна единица Скопје, именувано е лице задолжено за материјалната

евиденција на основните средства, што е спротивно на член 30 и 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

- Пописот на материјалните средства се врши според локацијата/објекти на која се наоѓаат без назначување за која сметководствена сметка се однесуваат, а пописните листи не содржат вредносни показатели за набавените количини. Исто така, не постои рекапитулар на пописните листи за вкупниот износ на материјалните средства.

  Наведеното не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

На овој начин не постојат услови за реално и објективно усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба, заради потврдување на податоците искажани на позициите во Билансот на состојба на 31 декември.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што одговорното лице во текот на ревизијата презел активности за промена на софтверот за материјална евиденција на средствата, со која пописните листи кои ќе се користат во наредните пописи на средствата со податоци за локацијата на која се наоѓаат, вредноста на средството како и на која сметководствена сметка се евидентирани. Со тоа ќе се овозможи по спроведување на постапката за попис, да се изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојба, согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Исто така, софтверот ќе генерира и рекапитулари на пописните листи по организациони единици и за вкупниот износ на материјалните средства на Фондот.

### 4.3. Користење на средства согласно законски прописи
**Јавни набавки:**

Во текот на ревизијата извршена е анализа на комплетната документација на следните набавки:

- Отворен повик бр.20-1201/2/2012 за доделување на договор за јавна набавка на *ibm tivoli backup* лиценци за потребите на Фондот, во износ од 6.512 илјади денари со вклучен ДДВ;
- Отворен повик бр. 20-1199/2/2012 за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување на *ibm бладе* сервери и *стораге* за потребите на Фондот, во износ од 8.708 илјади денари со вклучен ДДВ;

- Отворен повик бр. 20-3779/2/2012 за доделување на договор за јавна набавка на услуги за тековно сервисирање - одржување и поправка на информатичка опрема, во износ од 3.764 илјади денари со вклучен ДДВ;
- Отворен повик бр. 20-1588/2/2012 за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување и доградување на софтверот за решавање и исплата, во износ од 7.717 илјади денари со вклучен ДДВ.

Од претставниците на Фондот беше укажано дека одлуката за избор преку најповолна економска понуда и бараниот голем број на сертификати, била да се добие најквалитетна услуга, најквалитетна испорака и да се намалат ризиците во деловното работење и расположливост.
Во однос на различниот број на барани лица со сертификати вработени кај економскиот оператор, како елиминаторни елементи беше укажано дека секоја набавка има посебни специфичности и секој баран сертификат има посебно значење.
Ревизијата констатира дека кај четирите набавки спроведени со отворена постапка, кои би требало да завршат со електронска аукција, како критериум за доделување на договор за јавна набавка е економски најповолна понуда. При тоа во критериумите за доделување на договорот на јавната набавка, не се детално разработени поделементите на одделните елементи на критериумот квалитет. Исто така, во рамките на техничката способност на економските оператори има специфицирано различен број на одреден тип сертифицирани лица потребни за доделување на договорот за јавна набавка.
Целта за избор преку најповолна економска понуда и бараниот голем број на сертификати, била да се добие најквалитетна услуга, најквалитетна испорака и воедно да се намалат ризиците во деловното работење и расположливост.

Претходното не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори.
**Препораки:**

Одговорното лице да ги конципира постапките за доделување на договорите за јавни набавки така што:
- Да ја поттикнува конкуренцијата помеѓу економските оператори.
- Да обезбедува унифицираност во бараните елементи за утврдување на способноста.
- Да се разработува начинот на пресметка на доделување на бодовите за критериумот квалитет и истите да бидат мерливи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот, на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Фондот, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. На финансиското работење на Фондот во 2012 година влијание имаше намалувањето на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување како и не остварените макроекономски индикатори за зголемување на вработеноста и порастот на платите на вработените кои имаат директно влијание на остварувањето на приходите од придонесите. Вкупните приходи на Фондот во 2012 година изнесуваа 46.768.860 илјади денари и се остварени од следните извори на финансирање:

- Трансфери од други нивоа на власт,
- Придонеси за пензиско и инвалидско осигурување,
- Домашни даноци на стоки и услуги (акцизи),
- Други приходи.




Според структурата на приходите во 2012 година, најголемо учество во вкупните приходи има придонесот од пензиско и инвалидско осигурување од 59%, и од Буџетот на РМ со учество од 38%, додека незначително е учеството на приходите од акцизи од 2% и останатите приходи кои учествуваат со 1% во вкупните приходи.

Воспоставената законска обврска преку пресметување и плаќање на придонесот не обезбедува доволно средства за вршење на дејноста на Фондот и со буџетот на Фондот се предвидуваат средства за покривање на дефицитот од средствата на Буџетот на РМ. Зголемувањето на бројот на корисниците на пензија и усогласувањето на пензиите во 2012 година влијаеше на недостаток на средства за исплата на пензии поради што секоја година се зголемува зависноста на Фондот од позајмување на буџетски средства од Основниот буџет на Република Македонија. За покривање на буџетскиот дефицит исплатени се средства од Буџетот на РМ во износ од 10.219.220 илјади денари што претставува учество од 22%. Исто така, споредбено со 2011 година буџетскиот дефицит во 2012 година е зголемен за 1.864.050 илјади денари или за 3%.

Особено е за истакнување дека висината на дефицитот има тренд на зголемување на неговото учество во вкупните приходи секоја година, движејќи се од 6% во 2008 година, до 22% во 2012 година.

во илјади (000) денари




За истакнување е дека со измените на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се предвидува намалување на стапката на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување за 0,4%, почнувајќи со исплата на плата за јануари 2014 година кој треба да изнесува 17,6% .

6.2. Со донесување на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување во текот на 2012 година престана правниот основ за наплата на заостанатите неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување од обврзниците кои се однесуваат за период до 31.12.2008 година. Имено, со претходниот закон придонесите за пензиско и инвалидско осигурување имаа карактер на средства за лична потрошувачка и немаа рок на застареност, а со донесување на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување истото не е предвидено. Со член 3 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, средствата од придонесите имаат третман на јавни давачки, а контролата, утврдување на застареноста и отпишувањето на придонесите го врши Управата за јавни приходи според Законот за даночна постапка, при што наплатата на побарувањата се врши во определен рок на застареност, односно рок по кој престанува правото да се бара присилно исполнување на обврската од обврзниците. За таа цел Фондот изготвил Информација за изменување и

дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување која е доставена до Владата на РМ, како и Иницијатива до Министерството за труд и социјална политика и Управата за јавни приходи. Со добиеното мислење од Управата за јавни приходи дел од предлозите за измена и дополнување на законот се прифатени со истовремено барање за точно дефинирање на датумот за кој се однесува предлогот. Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата на РМ на 93 Седница поднела Извештај со кој се симнува од дневен ред информацијата за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со укажување дека Министерството за труд и социјална политика да изврши усогласување со Фондот, Министерството за правда и Управата за јавни приходи.

Во текот на 2013 година Фондот има доставено ургенција до Министерството за труд и социјална политика за постапување по извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата на РМ, со цел да се забрза постапката за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

До денот на вршење на ревизија не е извршено измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, што предизвикува Фондот да нема законски основ за преземање на мерки за наплата на побарувањата кои се однесуваат на неплатени придонеси од пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година за кои имаат утврден рок на застареност.

**Препорака:**

- Министерството за труд и социјална политика како задолжена страна, согласно мислењето од Комисијата за економски систем и тековна економска политика да изврши усогласување на информацијата за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.
- Одговорното лице на Фондот по одржување на координативната средба и утврдените заклучоци да постапи по заклучоците и да ја продолжи започнатата постапка за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Фондот во текот на 2012 година за навремена исплата на пензиите во воспоставените рокови за секој месец има користено позајмица од Буџетот на Република Македонија кои тековно ги враќал. Фондот на крајот на годината во услови на недостиг на средства враќањето на позајмицата од Централен буџет во износ од 505.000 илјади денари го врши со средства од уплатната сметка - мостната сметка, сметка на која се врши уплата на придонесот од пензиско и инвалидско осигурување. На овој начин на крајот на годината не е извршена распределба на уплатите на придонес од пензиско и инвалидско осигурување меѓу Фондот и приватните пензиски фондови, односно дел од средствата не се дистрибуирани на приватните пензиски фондови.

Фондот со поднесеното барање за исплата на пензии за месец декември 2012 година кое е доставено до Министерство за финансии на 02.01.2013 година, ја истакнува потребата за средствата за редовна исплата на пензиите, за враќање на средствата на Вториот столб и средства за неисплатените обврски од месец ноември 2012 година по основ на придонес за здравство во износ од 81.826 илјади денари кон Фондот за здравствено осигурување и средства за Солидарен фонд во износ од 17.280 илјади денари.

7.2. Започнувајќи од 01.01.2009 година, контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите за задолжително социјално осигурување ги врши Управата за јавни приходи, што е во согласност со одредбите на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Со наведениот закон е уредено дека надлежните институции имаат обврска меѓусебно да разменуваат податоци за обврзниците за плаќање на придонесите, пресметката и уплатата на придонесите. Евидентирањето и начинот на работа е регулирано со договор потпишан помеѓу Фондот и Управата за јавни приходи. Побарувањата по основ на ненаплатен придонес од пензиско инвалидско осигурување, евидентирани во период од 1.01.2009 година пресметани според одредбите на Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување изнесуваат 2.600.973 илјади денари врз основа на писмено известување од Управата за јавни приходи со податоци за утврден неплатен придонес на конечните пресметки за пензиско и инвалидско осигурување.

Според договорот Фондот добива информации од Управата за јавни приходи само за наплатениот износ на придонесот, но не и за пресметаната обврска на обврзниците, со што Фондот нема целосни информации колку се побарувањата

по основ на придонесот, потребни за креирање на активностите во наредниот период и каква е динамиката на наплатата на придонесот од страна на обврзниците.

Со договорот за евидентирање и следење на побарувањата помеѓу Фондот и Управата за јавни приходи не е предвидено Управата за јавни приходи да доставува податоци за поединечни долгови на секој исплатител на плата кој должи односно не ги опфаќа податоците за обврзниците за плаќање на придонесите. Според Протоколот склучен меѓу Фондот и Управата за јавни приходи се предвидува покрај доставување на податоци за платен придонес за пензиско и инвалидско осигурување распределен по обврзници за пресметка и уплата на придонеси доставуваат и податоци по обврзници за плаќање на придонеси. Фондот во 2011 и 2012 година не добива податоци од Управата за јавни приходи по обврзници за плаќање на придонеси. Со оглед на тоа што со член 21 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се предвидува Управата за јавни приходи да доставува податоци за ненаплатени придонеси, за обврзниците за пресметка и уплата на придонесите, основиците на придонесите, износите на пресметани, наплатени придонеси, како и други службени податоци поврзани со придонесите и персоналниот данок на доход од една страна, а од друга страна согласно член 23 од истиот закон контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите ги врши Управата за јавни приходи, согласно со Законот за даночната постапка. Фондот врши дополнителна контрола на утврдувањето на податоци за придонесите, согласно сопствените потреби.

Исто така, задолжувањето и наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за индивидуалните земјоделци, свештени лица и други физички лица кои заклучно со 31.12.2003 година беше во надлежност на Управата за јавни приходи за специфичните категории на осигуреници, индивидуални земјоделци ја презема Фондот во своја надлежност. Фондот нема обезбедено целосни и точни податоци од регионалните дирекции на Управата за јавни приходи. Поради тоа Фондот и покрај преземените активности во 2012 година ги нема утврдено периодот и основица на задолжување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и периодот кога е платен придонесот.

7.3. Со измената на законската регулатива од 2009 година и преминувањето на надлежноста на Управата за јавни приходи за наплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и контролата на неплатените придонеси, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување остана надлежноста за

наплата на заостанатите долгови заклучно со 31.12.2008 година. Имено, со член 32 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, Фондот има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси, како и започнатите постапки до јануари 2009 година со можност од дополнителна контрола на утврдувањето на податоците за придонесите. Фондот во текот на 2012 година врз основа на записници во филијалите и деловниците има утврдено побарувања по тој основ во вкупен износ од 10.235.090 илјада денари од 20833 обврзници - правни лица и 5784 обврзници - договорни осигуреници. Особено е за истакнување дека и покрај превземените активности од страна на Стручната служба на Фондот за наплата на заостанатите неплатени придонеси од обврзниците во текот на 2012 година наплатени се 243.337 илјади денари, односно само 2% од вкупно утврдените побарувања на заостанатите долгови заклучно со 31.12.2008 година. Евидентираните неплатени придонеси на обврзниците се однесуваат на активни обврзници и пасивни (ликвидирани) обврзници. Стручната служба на Фондот има преземено мерки за наплата само за активните обврзници, додека за пасивните обврзници нема можност за наплата на придонесот. За обврзниците над кои се отворени стечајни постапки Фондот поднесува пријава на побарување во стечајна постапка. По претходно доставена Информација за прибавување на податоци за потребите на Фондот од Централниот регистар на РМ без паричен надомест, донесен е Заклучокот на Владата на РМ за склучување на договор помеѓу Фондот и Централниот регистар на РМ. Со договорот кој има ограничен рок од две години (2013 и 2014 година) се регулира начинот и условите за соработка при користење на податоците за субјекти запишани во регистрите на Централниот регистар на РМ, а се однесува на субјекти кои имаат обврска да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Со договорот е овозможено Фондот да добие податоци за статусот на субјектите дали е активен или неактивен (стечајна постапка, постапка за ликвидација, решение за бришење).

Ненавремената наплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување има влијание на планираните приходи по тој основ, како и остварување на права по основ на пензиско и инвалидско осигурување и исплата на остварените права на осигурениците.

Доколку дојде до промена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Стручната служба на Фондот треба да продолжи со активностите за наплата или расчистување на заостанатите долгови од обврзниците кои се однесуваат на неплатени придонеси на пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година.

7.4. Побарувањата од граѓани по основ надомест на штети за извршени претплата на пензии изнесуваат 9.918 илјада денари, а се однесуваат на исплатени пензии на корисници на пензии по нивната смрт поради неблаговремена пријава на починати пензионери. Фондот се соочува со проблемот за наплата на овој вид на побарувања, при што за да се утврди точниот број на починати корисници на пензија, Фондот со Министерството за правда – Управа за водење на матични книги има склучено договор за соработка и Анекс на договорот. Со договорот се предвидува Управата за водење на матични книги да доставува податоци за починати граѓани најдоцна до 5-ти во месецот за претходниот месец во хартиена форма. Поради непостоење на технички услови на преземање на податоците по електронски пат од Управата за водење на матични книги секоја подрачна единица врши внесување на добиените податоци во exsel табели и Секторот за АОП ги упарува со базата на податоци за исплата на пензии. Во периодот помеѓу упарувањето и обработката на пензиите, ако е починат корисник на пензија може да се исплати пензија на починат корисник. За таа цел Фондот има воспоставена процедура за контрола за доставување на потврдата од банката за враќај на повеќе исплатени средства од барателот за исплата на посмртна помош. Доколку не се достави барање за посмртна помош а има информација од Управата за водење на матични книги дека е починат пензионерот Фондот се обраќа до деловните банки за повратот на средствата.

Фондот за таа цел има склучено Меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција од 13.02.2013 година. Исто така, Фондот доставил писмо до Финансиска полиција од 29.02.2013 година за преземање мерки за поврат на средства со доставен список за 93 починати корисници. Финансиската полиција врз основа на превземени мерки има изготвено Информација. Врз основа на меѓусебната соработка и по добиените информации од Финансиска полиција, Фондот има доставено до банките барање за поврат на средствата од трансакциски сметки на починати корисници и по дополнително известување од банката во текот на 2013 година по тој основ вратени се вкупно 3.010 илјади денари.

Исто така, согласно член 141 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување предвидено е за корисниците што живеат надвор од Република Македонија да доставаат еднаш годишно потврди за живот за продолжување на правото на исплата на пензија. Фондот од 01.05.2012 година има превземено активности за корисниците на пензија кои живеат надвор од Републиката согласно склучените договори за социјално осигурување кои не доставиле

потврда да се стави во мирување исплатата на пензии. Исто така, и за корисниците што живеат надвор од Република Македонија Фондот се соочува со проблемот на наплата на ненаплатените побарувања по основ на штети кои се однесуваат на исплатени пензии на починати корисници на пензии поради доставување на потврда за живот еднаш во годината.

Ревизијата смета дека Фондот треба да иницира активност преку Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда, како надлежни министерства да се разгледа можноста за електронска размена и упарување на податоците за починати корисници на пензија и истото да се предвиди со договор за соработка помеѓу Фондот и Управата за водење на матични книги. До воспоставување на електронска размена на податоците да се врши почеста размена на податоци.

Покрај наведеното, ревизијата смета дека за корисниците што живеат надвор од Република Македонија треба да се достави предлог со претходно изготвена пресметки за финансиски импликации за измени на член 141 став 2 од со Законот ПИО со кој ќе се предвиди почесто доставување на потврди за живот за продолжување на правото на исплата на пензија.

7.5. Со донесување на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување во член 156 став 2 е уредено дека Управниот одбор на Фондот има седум члена кои ги именува Владата на Република Македонија за време од четири години. Со известување до Владата на РМ Фондот ја информирал Владата на РМ дека на тројца членови од постојниот состав на Управниот одбор на Фондот им истекува мандатот од четири години. При именувањето на нови членови на Управниот одбор на Фондот треба да се има во предвид дека согласно претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Управниот одбор беше составен од 9 членови. До денот на ревизијата се уште не се именувани нови членови на Управниот одбор во Фондот.

7.6. На уплатната сметка на Фондот - мостната сметка на која се врши уплата на придонес за пензиско и инвалидско осигурување на крајот на 2012 година има нераспределени средства во износ од 504.331 илјада денари, од кои дел во износ од 146.556 илјади денари се салдо на наведената сметка во период од 2006 година до 2012 година кои Фондот не може да ги користи, а осигурениците немаат можност да ги остварат правата од пензиско и инвалидско осигурување. Фондот има доставено Информација за нераспределените средства од пензиско и инвалидско осигурување до Владата на РМ со напомена дека износот на

нераспределените средства со воведување на интегрираната наплата преку Управата за јавни приходи се зголемува во континуитет, односно:

- Дел од неалоцираните уплати се однесува на уплатени средства за кои Фондот нема добиено соодветни пријави М11/1, М11/2, М1 и М2, а се однесуваат на уплати на придонес за работа со скратено време кај друг работодавач и времено ангажирани лица,
- Уплатени средства од обврзниците кои имаат неточни податоци при поднесување на месечна пресметка за плата во Управата за јавни приходи (МПИН пријави) и имаат променети матични броеви.
- Дел од уплатените средства се однесуваат на погрешно или повеќе уплатени средства од обврзниците и недоволно уплатени средства за вкупниот број на вработени кај обврзникот за кои се чека доплата.

Врз основа на Информацијата од Фондот, Владата на РМ го задолжила Министерството за труд и социјална политика во соработка со Управата за јавни приходи, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување на РМ да ги разрешат проблемите околу нераспределените средства од уплатените придонеси. Во текот на 2012 година задолжените страни презеле активности за разрешување на состојбите со нераспределените средства по основ на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Врз основа на преземените активности дел од неалоцираните средства во 2012 година се распределени, а дел се пренесени за распределба во 2013 година. Исто така, Фондот има склучено договор за соработка со Агенцијата за вработување, за меѓусебна размена на документи и податоци од службените евиденции, регистри и збирки на лични податоци кои ги водат со овие институции, во хартиена форма или по електронски пат согласно нивните законски надлежности.

**Препорака:**

Одговорното лице на Фондот да продолжи со активностите за разрешување на состојбите со нераспоредените средства по основ на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување од страна на Министерството за труд и социјална политика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на РМ.

7.7. Акциите и уделите кои ги поседува Фондот се добиени со трансформација на претпријатијата со општествен капитал во претпријатија во кои е определен сопственикот. Согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатија

со општествен капитал, претпријатијата што се трансформираат, на Фондот бесплатно му издаваат акции, односно потврда за удел во износ од 15% од вкупната вредност на издадените акции/ удели. Исто така, со измените на одредбите од член 7 од овој закон и Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, акциите и уделите издадени на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кои нема да се продадат до 31 декември 2003 година, се пренесуваат на Фондот.

Продажбата на овие акции и удели до март 2000 година е регулирана само во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал. Со измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување е регулирано дека Фондот може да врши продажба на удели, акции и други хартии од вредност најмногу во износ од 40% односно 70% од вкупниот капитал стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Продажбата поблиску е уредена со Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал пропишана од Владата на Р.М. од август 2010 година и измената на истата од јануари 2012 година.

Со измените на Уредбата од 2012 година, акциите и уделите се продаваат по утврдена почетна цена на најмалку три последователни трговски дена на Берзата. По одржување на првата берзанска аукција, за непродадените акции и удели може да се објави нова аукција, со почетна цена за 50% пониска од понудената на првата аукција.

Доколку и понатаму остануваат непродадени од понудените акции и удели, Комисијата за акции и удели, може по истекот на секои три трговски дена да ја намалува цената за дополнителни 50 %, се до целосна продажба на истите.

Под вакви услови, од продадените акции и удели во 2012 година , остварени се приходи во износ од 119.117 илјади денари, кои сметководствено се евидентирани по номинална вредност од 354.148 илјади денари.

Имено, трендот на продажба како и остварените приходи од продадените акции и удели по години е претставен на следниот графикон:




Во однос на планираните и остварените приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност за последните три години состојбата е прикажана во следната табела :

Во илјади (000) денари

| Година | Планирани приходи од продажба на удели, акции и други хартии | Остварени приходи од продажба на удели, акции и други хартии |
|---|---|---|
| 2010 година | 400.000 | 40.784 |
| 2011 година | 300.000 | 276.349 |
| 2012 година | 200.000 | 119.117 |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

______________________

______________________
______________________
______________________
______________________
______________________

**Фонд за пензиско инвалидско осигурување на Република Македонија**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 28,595,084 | 27,826,320 |
| Неданочни приходи | 149,647 | 122,228 |
| Капитални приходи | 3,437 | 7,217 |
| Трансфери и донации | 17,901,575 | 16,471,889 |
| Продажба на хартии од вредност | 119,117 | 276,349 |
| **Вкупно приходи** | **46,768,860** | **44,704,003** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 257,284 | 273,811 |
| Стоки и услуги | 157,414 | 152,899 |
| Субвенции и трансфери | 4,987 | 4,907 |
| Социјални бенефиции | 45,790,370 | 43,858,272 |
| **Вкупно тековни расходи** | **46,210,055** | **44,289,889** |
| **Капитални расходи** | **16,709** | **15,883** |
| **Вкупно расходи** | **46,226,764** | **44,305,772** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **542,096** | **398,231** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

______________________
______________________
______________________
______________________
______________________
______________________

**Фонд за пензиско инвалидско осигурување на Република Македонија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2012 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 542,097 | 398,231 |
| Побарувања | 14,633,082 | 4,533,866 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 1,595 | 3,766 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 9,999 | 10,752 |
| Финан. и пресм. односи во рамките на фондовите | 3,511 | 1,727 |
| Активни временски разграничувања | 4,452,767 | 3,935,903 |
| Залихи | 1,566 | 1,820 |
| **Вкупно тековни средства** | **19,644,617** | **8,886,065** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 756,627 | 732,170 |
| Природни богатства | 46,890 | 53,170 |
| Други капитални вложувања | 328 | 0 |
| **Вкупно капитални средства** | **803,845** | **785,340** |
| Долгорочни пласмани | 7,773,527 | 8,053,829 |
| **Вкупна актива** | **28,221,989** | **17,725,234** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 25,461 | 16,793 |
| Краткорочни обврски по резерви | 77,276 | 51,457 |
| Кратк. обврски за даноци, придонеси и др. давачки | 11 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4,217,089 | 655,010 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 20,872 | 21,766 |
| Финан. и пресметк. односи во рамките на фондовите | 3,511 | 1,727 |
| Пасивни временски разграничувања | 15,298,832 | 8,137,492 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **19,643,052** | **8,884,245** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 8,578,937 | 8,840,989 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **8,578,937** | **8,840,989** |
| **Вкупна пасива** | **28,221,989** | **17,725,234** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________

____________________
____________________
____________________
____________________
____________________

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012година** | **785,340** | **8,055,649** | **8,840,989** |
| **Зголемување по основ на:** | **92,043** | **253,847** | **345,890** |
| Набавки на опрема и материјали | 32,445 | 9,655 | **42,100** |
| Промена на номинална вредност | | 244,192 | **244,192** |
| Ревалоризација на набавна вредност | 59,598 | | **59,598** |
| Вишок | 86 | | **86** |
| **Намалување по основ на:** | **73,538** | **534,404** | **607,942** |
| Расходување и кусок на опрема | 18,104 | | **18,104** |
| Кусок | 26 | | **26** |
| Намалување по основ на продажба | | 362,531 | **362,531** |
| Материјали дадени во употреба | | 9,910 | **9,910** |
| Пренос на вонбилансна евиденција | 6280 | - | **6,280** |
| Негативни курсни разлики | | 706 | **706** |
| Амортизација | 43,920 | | **43,920** |
| Вишок | 48 | | **48** |
| Кусок | (10) | | **(10)** |
| Расходи и отугувања | (17,787) | | **(17,787)** |
| Ликвидациона постапка | | 161,257 | **161,257** |
| Ревалоризација на амортизација | 22,957 | - | **22,957** |
| **Состојба 31.12.2012година** | **803,845** | **7,775,092** | **8,578,937** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

______________________

______________________
______________________
______________________
______________________
______________________

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

_____________________

_____________________

_____________________

_____________________

_____________________

_____________________

6.

ФПИОМ

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Адреса: „Владимир Комаров“ бр. 11, Скопје; Е-маил: info@piom.com.mk
Централа Тел: (02) 3250-100; Факс: (02) 3162-275; Инвалидски комисии Тел: (02) 3065-184

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број:** 02-4164/1
**Скопје: 19.07.2013 г.**

**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување Забелешки по Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
**ВРСКА:** Ваш бр. 26-199/4 од 19.06.2013 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 22.07.2013
26-199/6

Почитувани,

Овластен тим од Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, во периодот од 03.03.2013 до 31.05.2013 година.
Согласно член 30 од Законот за државна ревизија со Ваш допис бр.26-199/4 од 19.06.2013 година, доставивте до Фондот Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.
Постапувајќи по одредбите од Законот за државна ревизија во утврдениот рок од 30 дена, Фондот Ви ги доставува следните забелешки по истиот и тоа:

**4.1 – Усогласеност со закони и прописи**

**-Во подточката 4.1.1** е искажан наод дека одговорното лице на Фондот не извршило усогласување на Статутот, актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места со одредбите на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување што не е во согласност со член 246 од истиот закон, со кој е предвидено усогласувањето да се изврши во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на законот.
Во врска со ова, Управниот одбор на Фондот има донесено Нацрт-статут и истиот на 27.12.2012 година е доставен до Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за законодавство на РМ и Министерството за финансии, но од истите нема добиено мислење. Во текот на 2013 година Фондот има доставено две ургенции до Министерството за труд и социјална политика со барање да се добие мислење по Нацрт-статутот, а по добивањето на Нацрт-извештајот, постапувајќи по наведената препорака Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија со писмо бр.02-1898/3 од 08.07.2013 година достави Ургенција за добивање мислење до Министерството за труд и социјална политика, од кое сеуште не е добиен одговор. Прилог: Копие од писмо бр.02-1898/3 од 08.07.2013 година.
Постапувањето по истиот наод не е во зависност од активностите на Фондот, бидејќи Фондот доставил три ургенции до надлежното министерство и истото не постапило,

како би можел Фондот да ги продолжи активностите за усогласување на Статутот на Фондот.

**Од овие причини, сметаме дека истиот треба да биде избришан или преформулиран со препорака Министерството за труд и социјална политика, во најкраток временски период да постапи по доставените ургенции од Фондот, како би можел Фондот да ги превземе понатамошните активности за усогласување на Статутот.**

-**Во подточката 4.1.2** се искажани констатации дека склучените договори се однесуваат за извршување на работни задачи предвидени со Актот за систематизација и за работни места кои веќе се пополнети со лица вработени согласно истиот, што не е во согласност со членовите 13 и 252 од Законот за работни односи. Во вакви услови Фондот има доставено барање до Министерството за финансии за вработување и пополнување на испразнетите места, но не е добиена согласност. Склучените договори да се усогласат со член 252 од Законот за работни односи.

Ваквата состојба е настаната од причини што во изминатиот период од неколку години, Фондот на упразнетите работни места не вршел пополнување, почитувајќи ги антикризните мерки донесени од Владата на Република Македонија, а заради непречено обавување на дејноста истите се извршуваат со ангажирање на вработени со склучување на договори за работа. Фондот исплатата на средствата на овие лица ја вршел во рамките на средствата утврдени со Буџетот за 2012 година во ставката за оваа намена.

**По оваа подточка овластениот ревизорски тим не искажал препорака кои активности треба да ги превземе Фондот, а во функција на обезбедување вработени за извршување на дејноста, која е неопходна имајќи предвид дека во изминатиот период Фондот се обраќал повеќе пати до Министерството за финансии за добивање согласност за вработување, што е неопходно заради надминување на констатираните проблеми.**

- **Во подточката 4.1.3** е наведено дека во 2012 година за 393 починати корисници од ноември 2012 година исплатата е во 2013 година.

Во врска со ова, Стручната служба на Фондот утврди дека оваа бројка не е точна по извршените анализи за овие 393 починати корисници, при што се утврди дека 242 се починати пред и во месец ноември, од кои 37 поднеле барање за исплата пред и во месец ноември, а останатите 151 се починати во декември. Од вкупно починатите 393 корисници на пензија, поднесени се 356 барања за исплата на Солидарен фонд во декември. За истите се исплатени средства за Солидарниот фонд на 4 јануари 2013 година., од причини што согласно Процедурата за исплата на пензии во периодот после 25-ти во месецот до крајот на месецот се врши процесот на обработка на исплатата на пензиите во кој период не се врши исплата на Солидарен фонд, заради процесот на контрола и исклучување на починатите корисници, како не би дошло до неоснована исплата на пензиите. Оваа процедура се применува тековено месечно и дел од починатите корисници за кои се поднесени барања во последната недела од месецот исплатата на средствата за Солидарен фонд се врши во почетокот на наредниот месец пред исплатата на пензиите.

Прилог: Извештаи за починати корисници на пензија, поднесени барања и за исплата на Солидарен фонд.

**Од овие причини предлагаме наодот да биде корегиран со овие податоци согласно доставените табели.**

## 4.2. Финансиски извештаи

**-Во подточката 4.2.1** се искажани констатации во однос на измената на законската регулатива од 2009 година и преминувањето на надлежноста во Управата за јавни приходи за наплата и контрола на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, а во Фондот остана надлежноста за наплатата на заостанатите долгови заклучно со 31.12.2008 година. Имено, со членот 32 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Фондот има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси како и започнатите постапки до јануари 2009 година, со можност од дополнителна контрола на утврдувањето на податоците за придонесите.
Исто така, наведено е дека по претходно доставена Информација до Владата на Република Македонија од Фондот донесен е Заклучок од Владата на Република Македонија за склучување на договор помеѓу Фондот и Централниот регистар на Република Македонија, со ограничен рок од 2 години (2013 и 2014 година) во кој се регулира начинот и условите за соработка при користење на податоци за субјекти запишани во регистрите на Централниот регистар на Република Македонија, а кои имаат обврска да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување.
**Не е наведено дека во договорот е регулирано овие податоци Централниот регистар да ги доставува до Фондот без надомест, со што се обезбедени заштеди во трошоците на Фондот во Буџетот за оваа намена.**
**Исто така, не се наведени и другите активности кои ги превземал Фондот во 2012 година во врска со наплатата на придонесот до 31.12.2008 година и доставил информации, барања до Владата на Република Македонија, а во функција на подобрување на финансиската состојба на Фондот, како и остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на вработените кај обврзниците и тоа:**

- Информација за согледувања за финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во периодот од 2008-2011 година со Предлог мерки и проекции за период 2012-2015 година бр.02-73/1 од 04.01.2012 година. Прилог: Копија
- Барање за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување под бр.02-4248/1 од 16.07.2012 година и дополнување на барањето бр.02-4248/2 од 12.08.2012 година. Прилог: Копија

-Информација за можноста на плаќање на долговите кон Фондот без камата од страна на големите должници во рок од 3 месеци бр.02-7238/1 од 18.12.2012 година. Прилог: Копија

-Информација во врска со Заклучокот бр.41-17/108 од 108-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 25.12.2012 година по точката 106: Прашања и предлози бр.02-7492/1 од 28.12.2012 година . Прилог: Копија

-Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување бр.02-527/2 од 24. 01.2013 година. Прилог: Копија.

Констатирано е дека доколку дојде до промена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Стручната служба на Фондот треба да продолжи со активностите за наплата или расчистување на заостанатите долгови од обврзниците кои се однесуваат на неплатени придонеси на пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година.

**Наводите во оваа подточка не се неправилности во работењето на Фондот, туку се констатации за утврдениот износ на побарувања по основ на неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година, во вкупен износ од 10.235.090 илјада денари, кој износ во финансиските извештаи за 2012 година на Фондот вистинито и објективно се прикажани врз основа на изготвени записници за констатирана состојба во филијалите и деловниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Имено,Фондот презеде активности и во изминатиот период за утврдување на побарувања по овој основ и во Завршната сметка за 2010 год искажа износ од 849.631 илјади, врз основа на изготвени записници во дел од филијалите/деловницие на Фондот, а во 2012 година согласно целосно преземените активности и изготвените записници од сите обврзници наведениот износ е искажан во Завршната сметка за 2012 година на Фондот, како и претходно превземените активности согласно законот за 5.407 обврзници со блокирани жиро-сметки во износ од 2.327.246 илјади денари и 4.635 обврзници за кои се води постапка од претходен период во износ од 2.129.437 илјади денари.**

**Од причини што во 2012 година Фондот ги превземал сите активности во своја надлежност за навремена наплата на придонесите, а натамошните активности не се во надлежност на Фондот, односно се системски и зависат од активности во надлежност на други институции во Република Македонија, истото треба да биде избришано во точката 4.2 – Финансиски извештај, ревизорот не искажал препораки, а се од битно влијание врз мислењето кое што ревизорот го искажал во точката 5 – Ревизорско мислење од Нацрт-извештајот и да бидат поместени во точката 6 – Системски слабости или точката 7 – Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет.**

-**Во подточката 4.2.4 и 4.2.5** се искажани констатации во врска со превземените активности на стручните служби на Фондот за утврдување на имотната состојба на градежните објекти и земјиштето на Фондот како и препораки за натамошни активности.

**По истите треба да се наведе дека во изминатиот период Фондот континуирано превземал активности, а се во надлежност на други институции во Република Македонија, од кои зависи и завршувањето на утврдените констатации по овие точки.**

**4.3 Користење на средства согласно законските прописи**

**Јавни набавки:**

Во истата е искажано дека во текот на ревизијата е извршена анализа на комплетната документација на 4 набавки и е констатирано следното:

- во постапка со отворен повик за доделување на договор за јавна набавка за **ibm tivoli backup** лиценци, за потребите на Фондот, а се јавил само еден економски оператор со кој е склучен договор во износ од 6.512 илјади денари до вклучен ДДВ.
- во постапка со отворен повик за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување на **ibm** бладе сервери и стораге за потребите на Фондот, се јавил само еден економски оператор со кој е склучен договор во износ од 8.708 илјада денари со вклучен ДДВ.
- во постапка со отворен повик за доделување на договор за јавна набавка на услуги за тековно сервисирање-одржување и поправка на информатичка опрема, која е деллива на 3 секции, за секција 3 се јавил само еден економски оператор со кој е склучен договор во износ од 3.764 илјада денари со вклучен ДДВ, додека за останатите за кој се јавил еден економски оператор не е направен избор, односно не е склучен договор
- во постапка со отворен повик за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување и доградување на софтверот за решавање и исплата, се јавил само еден економски ооператор со кој е склучен договор во износ од 7.717 илјади денари со вклучен ДДВ.

Во врска со истите е констатирано дека набавките спроведени со отворена постапка, кои би требало да завршат со електронска аукција како критериум за доделување на договор за јавна набавка е економски најповолна понуда. Притоа, во критериумите за доделување на договорот не се детално разработени поделементите на одделните елементи на критериумот квалитет.

Исто така, во рамките на техничката способност на економските оператори има специфицирано различен број на одреден број сертифицирани лица потребни за доделување на договорот за јавна набавка. Наведеното не обезбедува конкуренција помеѓу економските оператори.

Во врска со претходно искажаните констатации, Стручната служба на Фондот во 2012 година постапувала согласно одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- Фондот при доделување на договори за јавни набавки во 2012 година ги почитувал основните принципи на Законот за јавни набавки како што е дефинирано во член 2, за поттикнување на конкуренцијата помеѓу економските оператори. Овој принцип особено бил значаен при дефинирање на предметот на договорот за јавна набавка и условите и барањата на договорниот орган за учество во постапките.

**- Членот 137 од Законот за јавни набавки, регулира дека постапката може да заврши успешно и доколку е поднесена само една понуда. Имено, прифаќањето и на една понуда не ги загрозува основните принципи на законот, бидејќи договорниот орган објавил оглас и ја информирал јавноста за својата потреба од набавка, во зависност од проценетата вредност, на сите заинтересирани економски оператори им оставил доволно време да достават понуди и на сите им дал исти услови за поднесување. Отсуството на интерес кај економските оператори кои можат да го реализираат предметот на договорот, а притоа не доставиле понуда, не е пречка за договорниот орган да ја избере доставената прифатлива понуда, како што е случај во наведените 4 постапки предмет на ревизијата.**

Одржувањето на информациониот систем на Фондот е од посебно значење за извршување на дејноста на Фондот, бидејќи во истиот се содржани податоци за осигурениците кои плаќаат придонес и за корисниците на пензија, што е од многу битно значење за

Република Македонија посебно во делот на исплатата на пензиите и доколку настане некаква хаварија заради нестручност во системот со што би била спречена исплатата на пензиите, а штетите би биле непроценливи како за Фондот, така и за Република Македонија.Од овие причини, во наведените 4 постапки се барани и специфични услови за вршење на услугата и за набавка на информатичката опрема.

**Постапките предмет на ревизијата беа спроведени електронски и требаше да завршат со електронска аукција, но истите не можеа да се спроведат од причини што беше доставена само по една понуда, а во таквите случаи согласно одредбите од Законот за јавни набавки првично поднесената цена се зема како финална и се врши евалуацијата. Во две од постапките предмет на ревизијата за кои цената беше прифатлива се изврши избор, а за две редовната постапка се поништи и се искористи постапката со преговарање согласно член 99 став 1 алинеја 4 од законот.**

**- Исто така, Фондот во постапките за јавните набавки во текот на 2012 година го почитувал член 143 од Законот за јавните набавки и го обезбедил принципот на унифицираност во бараните елементи за утврдување на способноста и тоа:** минималните критериуми за утврдување на способноста утврдени за конкретните постапки за доделување на договор и бројот на документи со приложување на соодветно бараната документација, сертификати, дозволи, авторизации, лиценци, број на референтна листа, кои беа реални, мерливи и пропорционални со предметот на набавката. **Истите се барани и во четирите постапки предмет на наодот во ревизијата, заради докажување на способноста на економските оператори, односно немало ограничувачки ефект на конкуренцијата.**

**- Согласно член 151 и 154 од Законот за јавни набавки способноста на економските оператори може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економските оператори и тие субјекти. Законот дава можност за дополнување на техничката или професионалната способност на економските оператори со ресурси на друг субјект, под услов тие ресурси да се достапни во текот на реализација на договорите, а тоа беше предвидено и во овие 4 јавни набавки.**

**- Во постапките за јавни набавки во 2012 год, врз основа на член 161 став 5 од Законот за јавни набавки, Фондот разработил критериуми за доделување на Договор за јавна набавка, согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на Договорот за јавна набавка во бодови што ја пропишува министерот за финансии.
Во тендерската документација Фондот давал објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда и го употребувал критериумот квалитет, како критериум за евалуација, во постапки каде истите биле мерливи, како на пример: големина, боја, димензија, грамажа и слично.
Елементот квалитет се пресметувал во бодови, со собирање бодовите на поделементите на елементот - квалитет, кои Фондот ги утврдил во тендерската документација како објективни и споредливи.**

**- Согласно членот 161 од Законот за јавни набавки, Поделементи на елементот карактеристики на квалитетот кај договорите каде предмет е набавка на услуги може да биде: квалификации и искуство на вработените кај економскиот оператор.
Во наведените постапки предмет на ревизијата, постапувајќи по истиот член Фондот барал технички експерти и Сертификати на ангажиран технички персонал**

**да бидат вклучени во реализација на договорот, како и Партнерски статус на понудувачот.**

**Во овие 4 постапки од причини што не било можно во целост да се спроведе критериумот квалитет, поделементите не се детално разработени што е во согласност со Законот за јавни набавки.**

Во текот на спроведување на овие постапки ниту еден економски оператор не изјавил жалба согласно со **членот 216 став 2** и тоа: според **алинеја 2 " од објавувањето на огласот за доделување на договор за јавна набавка во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од огласот" и алинеја 3 "отворањето на понудите во однос на дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за отворањето на понудите".** Врз основа на изнесеното Фондот постапил во согласност со законот.

**Поставување на високо ниво на критериумите за квалитет во постапките или поголем број на извршители доаѓа од потребата да се обезбеди квалитетен економски оператор во услови на недостиг на човечки ресурси во ИТ секторот на Фондот.**
Различниот број на сертификати кои Фондот ги барал, односно во некои постапки повеќе, а во некои помалку е од причини што хардверот и софтверот на информациониот систем на Фондот не е ист. Бараните серфитикати се базирани врз основа на тежината и количината на хардверот и софтверот, како и во зависност од бројот на вработени извршители со кои располага Фондот во областа на информатичката технологија. Барањето на повеќе сертификати е во случаи за услуги за кои Фондот има помал број на извршители или воопшто не располага со такви, а секогаш е барано и backup извршители заради ризик од недостиг во бараната услуга или услугата да не биде со потребниот баран квалитет.
Исто така, преку високите критериуми се намалуваат ризиците од појава на нестабилност во информациониот систем на Фондот, преку кој се обезбедува социјална сигурност на корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија.

Во прилог на законитото работење на Фондот, во спроведувањето на постапките за јавни набавки во 2012 година е фактот што не е поднесена ниту една жалба од економските оператори, како на вградените критериуми и подкритериуми на квалитетот, така и за останатите услови и критериуми во постапките за јавна набавка до Државната комисија за жалби по јавни набавки и до Фондот.
**Од изложеното, бидејќи во постапките за набавка на услуги за одржување и сервисирање на компјутерската опрема, како и набавка на информатичка опрема е спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки, сметаме дека наодот и препораките по истиот треба да биде избришан, од причини што е од битно влијание во мислењето за усогласеност со законските прописи искажано во точката 5 од извештајот Ревизорско мислење – Мислење за усогласеност со закони и прописи.**

**7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет**

Во **подточка 7.5.** е наведено дека на уплатната сметка на Фондот-мостната сметка на крајот на 2012 година има нераспределени средства во износ од 504.331 илјада денари. За ова Фондот има доставено до Владата на Република Македонија Информација за нераспределените средства, по која Владата на Република Македонија го задолжила

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување да ги разрешат проблемите околу нераспределените средства од уплатените придонеси.

Препораката искажана од Ревизорскиот тим во оваа подточка која гласи: Фондот да продолжи со активностите за разрешување на состојбите со нераспределените средства по основ на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување **од страна** на Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Истата потребно е да се преформулира, бидејќи нераспределените средства по основ на на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување **не е од страна на наведените институции**. Имено, Министерството за труд и социјална политика во соработка со наведените институции, согласно Заклучок од Влада на Република Македонија е задолжено периодично да доставува информации за прогрес на овие активности до Владата на Република Македонија.

Управниот одбор на Фондот на седницата одржана на 19.07.2013 година ја разгледа и усвои Информацијата по Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија со предложените заклучоци. Прилог: Информација со заклучоци.

Со почит,

Д И Р Е К Т О Р,
Bekim Neziri

Изработил: Vjolca Ejupi
Контролирал: Ajredin Amzai
Одобрил: Соња Бачовска

**Прилог број 2**

# ОДГОВОР

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 22.07.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2012 година, од страна на законскиот застапник, директорот Беким Незири, заведени во Државниот завод за ревизија под број 26 – 199/6.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на неизвршеното усогласување на Статутот, актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места со одредбите на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, не претставува забелешка, туку **известување** дека одговорното лице на Фондот во текот на 2013 година има доставено и трета ургенција до Министерството за труд и социјална политика со барање да се добие мислење по Нацрт Статутот. Во Нацрт извештајот е констатирано дека одговорното лице има поднесено две ургенции до Министерството за труд и социјална политика со барање да се добие мислење.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.2.** од Нацрт извештајот која се однесува на ангажираните лица по договор за извршување на задачи подолго од една година, за работни места кои се веќе пополнети со лица вработени согласно систематизацијата на работните места, како и констатацијата дека на одредени лица се извршени исплати на средства за дополнителни часови, без соодветна документација како доказ за извршената работа, **не се прифаќа**, заради тоа што со истата не се доставени дополнителни докази кои ќе имаат влијание врз наодот на ревизијата.

3. Забелешката на **точката 4.1.3.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на констатацијата дека средствата за солидарен фонд – посмртна помош за 2012 година не се уплатени во целост на посебната потсметка, **не се прифаќа**, од причина што со дополнително доставените извештаи по месеци за починатите лица и извештаите за поднесени барања, кои не беа презентирани за време на ревизијата, не соодветствуваат на констатираната состојбата според која на крајот на 2012 година средствата за солидарен

фонд во износ од 17.280 илјади денари се задржани на главната сметка на Фондот.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.** која се однесува на преземените активности од страна на Стручната служба на Фондот за наплата на заостанатите придонеси и малиот процент на наплата од 2% од вкупно утврдените побарувања на заостанатите долгови, **се прифаќа** и истата ќе биде поместена во точката за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет.

5. Забелешките на констатираната состојба во **точките 4.2.4. и 4.2.5.** кои се однесуваат на активностите на стручните служби на Фондот за утврдување на имотната состојба на градежните објекти и земјиштето, според содржината не претставуваат забелешка, туку информација дека надминување на состојбите е во надлежност на други институции.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.** која се однесува на набавките за: Ibm tivoli backup лиценци, услуги за одржување на ibm blade сервери, услуги за тековно сервисирање/одржување и поправка на информатичка опрема, услуги за одржување и доградување на софтверот, **не се прифаќа**, заради тоа што со забелешката не се доставени дополнителни докази кои ќе имаат влијание врз наодот на ревизијата.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 7.5.** која се однесува на нераспределените средства на сметката на Фондот на крајот на 2012 година, **не се прифаќа**, заради тоа што со истата не се доставени дополнителни докази кои ќе имаат влијание врз наодот на ревизијата.